**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФИЛМСКА И ТВ КАМЕРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 01.11.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Филмска и ТВ камера** (60803, Фраскатиева класификација) во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Филмска и ТВ камера**, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 12 октомври 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Томи Салковски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формиранатa Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Роберт Јанкулоски,**
**Проф. Горан Наумовски,**
**Проф. Владимир Стојчевски**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Томи Салковски е роден на 12 јуни 1971 година во Скопје. Во 1996 година. Дипломира на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Факултетот за драмски уметности – Скопје, на одделот за филмско и ТВ снимање во класата напрофесорот Апостол Трпески. Истата година, како најдобар дипломиран студент на факултетот, добива специјална диплома од Ректорот на универзитетот Св. Кирил и Методиј. Во 2016 се стекнува со диплома за завршен втор циклус студии по “Филмски студии – филмско и електронско снимање”.
Веднаш по завршување на студиите почнува хонорарно да работи во Вардар Филм – Скопје, на документарната програма. Во 1996 година како прв дипломиран филмски и ТВ снимател, станува најмлад член на Друштвото на филмските работници на Македонија, од каде од 1998 година е претставник на македонските кинематографери во европската асоцијација Имаго.

Во 1999 година ја отвора својата прва продуцентска фирма, преку која ќе изработи повеќе комерцијални и документарни проекти.
Од 2000-2008 година е директор на Интернационалниот Фестивал на Филмската Камера – Браќа Манаки.
Во 2004 година ја основал продукцијата Скопје Филм Студио, каде што работи до денес.
Покрај филмската продукција, професионално е ангажиран во организација на големи настани во Р. Македонија.
Членува во различни граѓански здруженија кои се залагаат за стручно усовршување и подобар општествен живот.

Како кинематографер и продуцент работи на голем број проекти, од кои ќе ги издвоиме:

2023: ЛАНЧАНА РЕАКЦИЈА, (продуцент, игран филм во режија на Драган Бјелогрлиќ);
2023: ВРЕМЕ НА БЕТОН, (продуцент, долгометражен документарен филм во режија на Игор Иванов);
2023: ЕСКОРД, (продуцент, игран филм во режија на Лукас Нола);
2023: МОЛКОТ НА СИРЕНИТЕ, (продуцент, игран филм во режија на Газменд Нела);
2023: ПЛАНЕТА, (продуцент, игран филм во режија на Гојко Беркуљан);
2022: МИМИ, (продуцент, игран филм во режија на Даријан Пејовски);
2021: ХОМО, (продуцент, игран филм во режија на Игор Иванов);
2021: УЛИШТЕ, (продуцент, игран филм во режија на Блерта Башоли);
2019: ЛЕТЕЧКИ ЦИРКУС, (продуцент, игран филм во режија на Фатос Бериша);
2019: ГЛАС, (продуцент, игран филм во режија на Огњен Свиличоќ);
2018: КОБРА, (продуцент, долгометражен документарен филм во режија на Игор Иванов);
2018: ВИДИ ЈА ТИ НЕА, (продуцент, краткометражен игран филм во режија на Горан Столевски);
2018: КАМЕНА ГРАДИНА, (продуцент, документарен филм во режија на Даријан Пејовски);
2018: ЉУБОВНИКОТ, (продуцент, краткометражен игран филм во режија на Игор Иванов);
2017: РЕКВИЕМ ЗА ГОСПОЃА Ј, (продуцент, игран филм во режија на Бојан Вулетиќ);
2017: ЖАБА, (продуцент, игран филм во режија на Елмир Јукиќ);
2017: СЕНКИТЕ НАД БАЛКАНОТ, (продуцент, ТВ серија во режија на Драган Бјелогрлиќ);
2016: ЦРВЕНАТА СОБА, (продуцент, краткометражен игран филм во режија на Косара Митиќ);
2015: ТРИ ДЕНА ВО СЕПТЕМВРИ, (продуцент, игран филм во режија на Даријан Пејовски);
2015: ТАТКО, (продуцент, игран филм во режија на Бесим Морина);
2013: СОБА СО ПИЈАНО, (кинематографер и продуцент, игран филм во режија на Игор Иванов);
2013: НАМИНИ БАР ЕДНАШ, (продуцент, краткометражен игран филм во режија на Косара Митиќ);
2013: ВЕРУВАМ ВО ЉУБОВТА, (кинематографер и продуцент, документарен филм во режија на Игор Иванов);
2012: СКОПЈЕ РЕМИКС, (кинематографер, краток игран филм-омнибус во режија на Борјан Зафировски);
2012: СРЕЌА, (сервис продуцент, игран филм во режија на Дорис Дорри);
2010: НЕКОИ ДРУГИ ПРИКАЗНИ, (продуцент, омнибус - краток игран филм во режија на Џиџева Марија);
2007: ПРЕВРТЕНО, (кинематографер, игран филм во режија на Игор Иванов);
2005: КОНТАКТ, (продуцент, игран филм во режија на Сергеј Станојковски);
2004: БУБАЧКИ, (кинематографер, краткометражен игран филм во режија на Игор Иванов);
2002: ПРЕСПА - ПАРК (кинематографер и продуцент, документарен филм во режија на Кочо Нетков);
2000: ИЗЛЕЗ, (кинематографер, краток игран филм - омнибус во режија на Борјан Зафировски);

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Томи Салковски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Насловен Доцент** по група предмети од областа **Филмска и ТВ камера** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Роберт Јанкулоски,**

______________________________

**Проф.Горан Наумовски**

__________________________________

**Проф. Владимир Стојчевски,**

__________________________________

**Скопје, 08.11.2023**